***Планирање на минатото - сонување на иднината: народи, етногенези и политика во бугарската и македонската медиевистика (споредбена анализа).***

70 години институт за историја – 70 години македонска историографија

Скопје 2016

Истражувањето на националните историографии не е нешто ново. Тоа е дел од постојаното преиспитување на мотивите, стереотипите, парадигмите кој влијаат врз проучувањата на историјата и претставува дел од вечното философско прашање за влијанието на сегашността врз разбирањето на минатото. Објект на моето истражување се две соседни историографии кои истражуваат повеќе исти историски проблеми, кои ги интерпретираат на свој начин и меѓу кои можеме да набљудуваме и конфликт, и конкуренција и негација, но и размена. Сето тоа дава добра можност да се изврши паралела меѓу нив. Притоа акцентот е ставен на меѓусебните влијанија меѓу националните идеологии и политики од една и историографијата од друга страна, а вниманието е концентрирано на темите кои се општи во двете историографии. Овде се *разбира не можам да изложам подробно се она што ќе го има во статијата – ќе одбележам само неколку одбрани моменти.*

Веројатно најнова и силна демонстрација на врската меѓу политика, идентитет и наука ни претставуваат споровите за името на Македонија, и оној за историјата меѓу Бугарија и Македонија. Тие ни покажуваат колку важна е улогата на историските толкувања и колку клучно е славното историско име за градење или рушење на национален идентитет и за докажување право на постоење на Балканот дури и денес.

Оваа важност е од почеток. Бездржавните национализми какви што биле сите балкански национализми се изградиле околу мит за потеклото базиран на славно државно име од минатото за да имаш право да бидеш нација и држава треба веќе да си ги имал истите во минатото, треба да си бил за да бидеш. Од тука историјата и не може да биде едноставно наука, туку е и проект за иднината. Врз идеите на таквите национализми се изградиле балканските национални држави. Дел од развојот на националните идеологии и политики во нив било и формирањето на национални историографии. Важна задача што им се поставувала не била едноставно правење наука туку и на градење национална свест, национално осмислување на историјата и давање одговори на прашањата поставени од соодветната национална држава. Така од самиот почеток на формирањето на националните држави на Балканот интересот кон историјата бил тесно поврзан со политиката и национализмот, затоа и не е чудно што историографиите се развиле имено како национални. Историјата се интерпретирала како права национална линија, а постоењето на народот *од древни времиња* како аксиома.

Клучно за националните идеологии и историографии zatoa се јавило прашањето за етногенезата, концепт, кој содржел во себе идејата дека современите нации се појавиле како народи далеку во минатото, а историјата е сфатена имено како наука која да ја истражи генезата и развојот на соодветниот народ. Создавањето, големината, староста, славноста, биле клучни компоненти кои служеле истовремено како докажување право на формирање држава и база за територијални претензии, но била и пропагандно средство за градење национална свест, асимилација, мобилизација и сл., моменти од извонредно значење за една национална држава на Балканот и не само на него.

Во такви услови одредена тенденциозност во толкувањето на изворите и одредена степен на структурирање на историјата се јавиле како неизбежен, не страничен, туку основен ефект.

Во овој однос двете историографии не претставуваат ниту феномен, а ниту некаков исклучок – тие се дел од правилото. Исти тенденции во различни форми се набљудуваат во сите национални историографии.

Еден од првите проблеми со кој се судриле двете национални историографии бил имено избраното национално име. Немало научна причина тоа да претставува некаков проблем, причините биле чисто национално – политички и ако сакате психолошки. И двата национализми тргнуваат во рамките на паснлавизмот и словенофилството, а Бугари и Македонци се несловенски имиња. И двете историографии во своите почетоци биле под огромно влијание на други словенски историографии а особено важно било тоа за македонската историографија која се развива во Југославија каде словенството било и прашање на политичко единство и солидарност. Проблемот бил не само не-словенскиот карактер на имињата, но и потеклото на народите кои стоеле зад нив. Во бугарскиот случај тоа било особено осетливо зашто за името Бугари се верува дека е од турско потекло, а бугарскиот национализам се стремел според неговата дефиниција кон „ослободување од турско ропство.“ Национално проблематичен бил и македонскиот случај зашто името во науката се третирало како грчко, кога борбата против грчкиот национализам играл важна улога во македонската национална афирмација.

Овој проблем бил решен на сличен начин *и во двете историографии*. После првичното преднаучно елементарно отфрлање на реалноста преку тврдења дека старите Бугари и древните Македонци всушност биле Словени се поминало кон отфрлање на носителите на етнонимот. Улогата на несловенските народи оригинални носители на овие имиња била минимизирана а тие самите исклучени од „етногенезата“  сведени само до ниво на кумови, кои дале име на соодветните словенски нации.

*і националните судири во 19 и 20 в. лесно се пренеле во трудовите по средновековна историја. Тоа лесно се гледа во интерпретирањето не само на османлиите како поробувачи, но и на Грција како вечен непријател број 1 (распознаен) во Византија.* Тоа нашло израз на пример во претставувањето на Византија како непријател кој ги обединува во заедничка борба за слобода луѓето од Мизија до Македонија, нешто во што можеме да го слушнеме ехото од преродбенските борби и Егзархијата, но не и на средниот век. Византија била видена како поробувач, но и како асимилатор и уништувач на македонската или бугарската литература со што митовите за уништувањето на книгите родени во преродбата се пренесени назад во минатото а во дејствијата на Византија и Цариградската патријаршија се откриени истите мотиви што им се припишувале на фанариотите и патријаршијата во ново време.

Соперништвото меѓу Србија и Бугарија за Македонија, а особено по поделбата на Македонија ќе најде својот одраз и во бугарската медиевистика каде Србите ќе бидат осмислени како изначалниот завидливец и предавник кој од самиот почеток се обидува да попречи на Бугарија да ги „ослободи и обедини“ Словените во Македонија.

Како што националната конкуренција на бугарскиот национализам со српскиот и грчкиот нашла свој одраз во историографијата сличен ефект имал и националниот судир со Македонија за двете историографии.

Тесната врска на овие дебати со политиката се согледува и во тоа што споровите меѓу двете историографии ескалирале како последица од промената во државниот курс во Софија во однос на македонската нација во 60-те години на XX в. Центар на контроверзиите ќе биде пред се „етногенезата“, па ќе се разменат серија трудови при што на диспут ќе бидат поставени практично сите големи личности, настани и појави од средновековната историја на територијата на Македонија. При тоа неслучајно имињата Бугари, Словени и Македонци земале централно место и околу нивната содржина и интерпретација се кршеле копјата.

Голем дел од презентираните историографски тези всушност имале национална насоченост, да објаснат, и аргументираат соодветен проблем од национално пропаганден карактер – дали на пример денешното население во Македонија потекнува од Словените и тогаш е важно да се каже и докаже дека исчезнало староседелското население или пак потекнува од античкото и е само јазично словенизирано и во таков случај е важно дали античките Македонци биле Грци, Македонци, Тракијци, Илири или етнички дури и не постоеле. Или се денешните жители од мешано потекло и тогаш е важно кои и какви се компонентите од кои се замешани. Така Етничката припадност, етницитет, свест и слично во минатото се поставуваат во историските трудови често

како современи актуелни прашања, кои треба да одговорат не каква била состојбата во минатото туку има ли право одредена нација да постои или не, има ли право дадена држава да постои или не и чија треба да биде една или друга територија, кому му припаѓа историјата, а според тоа и иднината.

Притоа основните национални тези покажале способност да ја менуваат својата страна и да бидат инструментализирани во различни историографии. Секоја промена на основна теза во една историографија лесно водела до промена или модифицирање на етногенетските pozicii во другата. . Македонската историографија во тоа е и најдобар пример зашто развивајќи се на просторот за кој спореле балканските нации и историографии таа во одбрана на македонската националната кауза ќе имплементира многу идеи кои порано биле веќе земени на вооружување од некоја од соседните историографии во нивните меѓусебни национални препукувања. Македонската историографија го наследила местото на српската во бугарско-српскиот спор за Самуиловата држава и за етничката припадност на населението во Македонија во средниот век, а на сличен начин таа го наследила местото на бугарската во бугарско-грчкиот спор за етничката припадност на античките Македонци. Полека во најново време на парадоксален начин во еден дел на македонската историографија започнува да се лансира и позиција блиска до грчката во некогашниот спор со Бугарија, а имено дека населението во Македонија потекнува од античкото, а само си го сменило јазикот. Многу тези застапени во бугарската историографија за специфичност и различност во историскиот развој на Македонија во средниот век лансирани пред 1944 г. биле прифатени и развиени во македонската историографија, што пак довело до нивно целосно отфрлање во бугарската.

***Сличности***

Освен спротивставеност меѓу двете историографии има повеќе сличности – начинот на кој се замислува образувањето на народот преку мешање на различни компоненти, улогата на државите во древноста за тоа иста со улогата на денешните национални држави, начинот на кој се решава проблемот со националното име, гледањето на Византија како на исконски непријател и асимилатор и т.н. Некои сличности можат да се објаснат или со позајмување на модели. Дел од сличностите се должат и на општата вкоренетост во исти интелектуални движења како панславизмот и словенофилството. А дел на самиот спор.

И на двете историографии им се паднала тешката задача да објаснуваат како се оформил монолитен етнос во историски мултиетнички средини во која етницитетот не само се менувал, туку се и сменувал, па во одредени периоди воопшто и не можеме да

зборуваме за таков. Кристализизирањето на клучната формула за етногенезата и во двете историографии претставува долг процес, кој исто бил тесно поврзан со политичките збиднувања и националните тенденции, поради што покажал висока степен на нестабилност, но и умешност кон адаптирање спрема политиката на денот.

Во бугарската историографија тоа може да се илустрира преку етничките компоненти вклучувани во етногенезата. Првичното апсолутизирање на Словените и реално маргинализирање на неприфатливо турските Бугари, во времето на засилувањето на Третиот рајх е заменето со давање главно место на Бугарите, на кои меѓутоа им се менува припадноста од турска во германска. По 1944 г. во условите на советска доминација имаме повово тотална доминација на Словените и игнорирање на останатите елементи. Новата националистичка ренесанса од 60-те години ги враќа постепено во играта Бугарите и ги внесува сериозно во етногенезата и Тракијците. Во времето на т. нар. преродбенски процес против Турците, турското потекло на Бугарите послужило како оправдание на нивната бугаризација. После падот на комунизмот клучното место давано на Бугарите пак е поврзано со барање на не-турско потекло, а имено иранско, а пак Тракијците добро служат на европските перспективи на земјата.

Дву-компонентната етногенеза во македонската историографија пак покажува колебање условено од постоењето во рамките на Југославија, што довело до промовирање на Словените или еманципирање од истата и наспроти македонските соседи што води до преекспонирање на античките Македонци, или обиди да се најде баланс меѓу двете крајности.

***Но има и Разлики***

*Цртањето на што поширени граници на средновековната бугарска држава се покажало политички важно за бугарската држава која ги користела како аргумент за територијални аспирации во 19 и 20 в.* По стивнувањето на актуелноста на територијалното прашање како доминантен мотив при цртањето на средновековните граници се задржал како остаточен ефект движен од желбата за истакнување на својата големина и како аргумент против македонскиот национализам. Овие стремежи нашле израз и во креирањето на поимот „бугарски земји“ во кој се вложува не политичка туку етничка содржина и кој кореспондира повеќе со современите национални претензии отколку со средновековните реалности. Всушност во средниот век таквата територија не се разбирала како нешто оформено и цело, а ниту имало идеја дека е тоа простор населен со посебен народ.

Поразличен е случајот во македонската медиевистика. Таа се развива во рамките на идејата за Македонија NO чии граници биле заложена уште од ВМРО, па според тоа

претензиите кон минатото не оделе подалеку од овие граници. Имено таквата рамка нашла израз во третирањето на територијата на Македонија во средниот век I ne samo ……како нешто целосно, компактно и издвоено какво што таа во реалност тогаш не била.

И двете историографии поминале низ две фази на политичка актуелност на нивните тези во врска со народот и нацијата – а имено – прва во која аргументите служеле како конкретна основа за територијална претензија и нова – во која спорот нема територијална компонента, туку се оди на идеолошко оспорување или потврдување правото на постоење на македонската нација. И двете фази се во врска со променетите политички реалности – првата на времето кога се применувал принципот за креирање на етнички хомогени нации и втората – е плод на принципот на непроменливост на границите.

При сите лавирања во концептот за етногенеза, како и во различните струења во двете историографии останува постојаната константа и доминанта, чии врски со националната идеологија и националната политика е очигледна. Причините за тоа не лежат во свесна манипулација и злонамерност. Историјата била национално дело. Политичката и национална реалност оставила силен одраз и врз создавачите и врз спонзорите на историските. Историчарите исто се деца на своето време. Многумина од нив биле и се убедени националисти. А голем дел од овие историографии се развил во времето, кога националното толкување на историјата претставуваше научна парадигма.

Национализмите и националните држави пред да успеат да ги реализираат своите надежи и планови за иднината, нив прво ги реализирале врз минатото. „Честа“ да ги исцртаат овие планови врз листот на минатото се паднала на историчарите. Така тие се јавиле точката на пресекување меѓу националполитика и наука. Со нивна помош посакуваната иднина се пласирала како соништа на предците и нивен завет,  преку што се мобилизирале современиците за реализирање на националните идеали. Тоа е и причина за жестоките историски војни во балканските историографии, вклучувајќи ги и дввеве – тоа се војни не за минато, туку за право на постоење, иднина големина меѓу мали нации. Националните војни се воделе во две паралелни реалности – вистинската и историографската. Така средниот век останува сосема современ и актуелен и додека постои националниот политички проблем многу тешко ќе се излезе од маѓепсаниот круг на напад и одбрана.